TIKVEŠ

SINCE 1885

## Сезонска работа во ВВ Тиквеш – агрономи, енолози и општи работници

Веруваме дека луѓето се клучен фактор за врвни достигнувања и за успехот на една компанија. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, производство, развој и унапредување на човечките ресурси.
Денес ВВ Тиквеш ја создава приказната за македонското вино во светот, прераснувајќи во клучен двигател на македонската индустрија за вино.

На тимот на Тиквеш му се потребни различни профили на луѓе, од енолози и агрономи до општи работници, кои ќе не поддржат во претстојната сезона при рабоните процеси во винарницата и ќе бидат дел од македонската безвременска традиција. Локацијата на работната позиција е во винарницата на Тиквеш во Кавадарци.

Зошто да ни се придружите?
- Можете да се стекнете со практично знаење и вештини во една од најиновативните и најпрепознатливите компании во регионот
- Вашиот понатамошен професионален развој ќе го градите во динамична средина, работејќи заедно со искусни професионалци
- Нудиме можност за продолжување на работниот однос после сезоната, бидејќи веруваме во надградување на поединците кои ја делат нашата посветеност и страст

Вие сте:
- Професионални
- Самоиницијативни и флексибилни
- Добро организирани

Одговорности:
- Варираат во зависност од профилот на кандидатот
- Придонесување за зголемување на продуктивноста и ефикасноста на тимот
- Соработка со нашиот тим за постигнување на дневните цели
- Прецизност и точност во извршување на работните задачи

Доколку сте заинтересирани за ова работно место, може да аплицирате на копчето за брза апликација или да не контактирате на следниот телефонски број +389 70 239 907.